Врз основа на член 58 од Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" број 32/01, 50/01, исправка 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04, 38/05, 88/08 и 105/09 и 34/2010), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК

# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

**(пречистен текст "Службен весник на Република Македонија"**

**бр. 40/2001, 72/2001, 89/2001, 50/2002, 86/2002, 19/2003, 54/2003, 6/2004, 6/2005,**

**44/2006, 137/2006, 25/2008, 54/2008, 125/2008, 53/2009, 94/2009, 122/2009,**

**46/2010, 85/2010 и 156/2010)**

## I. ПОСТАПКА НА НЕПОСТОЕЊЕ НА УСЛОВИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА АКЦИЗЕН ДОЛГ ЗА ДОБРА КОИ СЕ НАОЃААТ ПОД ЦАРИНСКИ НАДЗОР

### Член 1
### Царински надзор на добра подлежни на акциза

Согласно членот 4, став 2 од Законот за акцизите, под добра подлежни на акциза кои се наоѓат под царински надзор согласно царинските прописи, и истовремено во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, се сметаат добрата кои:

1. им е дозволено привремено чување (документ - збирна декларација);
2. започнале транзитна царинска постапка (документ - ТИР карнет, сет на ЕЦД за транзит или сет на ЕЦД за извоз);
3. започнале постапка на царинско складирање (документ - сет на ЕЦД за увоз);
4. им е одобрен увоз заради облагородување (документ сет на ЕЦД за увоз);
5. им е одобрена преработка под царинска контрола (документ - ЕЦД за увоз);
6. им е одобрен привремен увоз (документ - сет на ЕЦД за увоз и АТА карнет;
7. се внесени во царински зони;
8. се внесени во слободни економски зони;
9. повторно се извезени (реекспорт) (документ - сет на ЕЦД за извоз).

## II. АКЦИЗЕН СКЛАД

### Член 2
### Дефиниција за акцизен склад

(1) Акцизен склад претставува еден или повеќе меѓу себе поврзани заградени површини или простории кои претставуваат технолошка целина и каде имателот на акцизна дозвола произведува, складира, прима или испраќа добра подлежни на акциза во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг и кој треба да биде јасно обележан и физички одделен од останатите површини или простории.

(2) Секој акцизен склад треба да е видливо нумериран.

**Член 3**
**Производство на акцизни добра**

(1) Во акцизниот склад може да се произведуваат (во форма на здобивање или во форма на преработка) само акцизни добра.

(2) Во еден акцизен склад може да се произведува само една група на акцизни добра и тоа: група на минерални масла, група на алкохол и алкохолни пијалаци или група на тутунски добра.

**Член 4**
**Складирање на акцизни добра**

(1) Во акцизниот склад може да се складираат повеќе групи на акцизни добра, кои треба да се складираат прегледно по групи, видови и артикли.

(2) Царинска управа, може да дозволи во еден акцизен склад, кога тоа го бараат технолошките карактеристики на складот, да се складираат акцизни добра на повеќе иматели на акцизна дозвола, во случаи ако се работи за ист вид на акцизни добра и доколку со тоа се спречува настанување на стопанска штета. Под ист вид на акцизни добра се подразбираат добрата кои се распоредени во иста десетцифрена тарифна ознака од номенклатурата на царинската тарифа.

(3) Во случаите кога акцизните добра се складираат заедно, во согласност со став (2) на овој член, имателите на акцизна дозвола одговараат солидарно за случаите на настанување на акцизата во согласност со член 13 од Законот за акцизите.

(4) Во акцизниот склад на еден имател на акцизна дозвола, кога тоа го бараат технолошките карактеристики на складот, Царинска управа може да дозволи да се складираат акцизни добра во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг и со платена акциза, во случаи ако се работи за ист вид на акцизни добра и доколку со тоа се спречува настанување на стопанска штета. Под ист вид на акцизни добра се подразбираат добрата кои се распоредени во иста десетцифрена тарифна ознака од номенклатурата на царинската тарифа.

**Член 5**
**Технички услови за акцизен склад**

(1) Во акцизниот склад може да се наоѓа само опрема која се користи за производство, складирање, примање или испраќање на акцизни добра.

(2) Акцизниот склад треба да биде опремен со опрема која обезбедува точно мерење на количините на акцизни добра. Акцизниот склад мора да биде опремен со мерни уреди за утврдување на физичката количина според пропишаните мерни единици за пооделни акцизни добра. Поставувањето на мерните уреди мора да обезбеди утврдување на количините на произведени добра и количините на добрата што го напуштаат акцизниот склад.

**Член 6**
**Количински услови за акцизен склад**

(1) Акцизната дозвола може да се издаде на лица кои самостојно вршат дејност, доколку количината испорачана од складот во претходната календарска година за најмалку едно акцизно добро е поголема од пропишаната во членовите 7, 8 и 9 од овој Правилник и доколку годишната проценка на количината за испраќање најмалку за едно акцизно добро е над пропишаната.

(2) Акцизната дозвола може да се издаде и на лица кои имаат намера самостојно да вршат дејност, доколку годишната проценка на количината за испраќање за најмалку едно акцизно добро биде над пропишаната во членовите 7, 8 и 9 од овој Правилник.

(3) Imателот на акцизна дозвола на крајот на секоја година врши проценка на очекуваното количинско испраќање по одделни акцизни добра за календарската година и најдоцна до крајот на март наредната година ја приложува до Царинска управа.

(4) Ако со една акцизна дозвола се дозволува користење на повеќе акцизни складови, пропишаните количини се однесуваат на сите акцизни складови заедно.

(5) Ако акцизниот склад започне со работа во текот на годината, пропишаните количини се определуваат соодветно со времето на работењето на складот.

**Член 7**
**Испраќање на алкохол и алкохолни пијалаци од акцизен склад**

Од акцизниот склад во една календарска година се испраќаат најмалку:

1. 5.000.000,00 литри пиво или,
2. 50.000,00 литри пенливо вино или,
3. 100.000,00 литри вино или,
4. 1.200,00 литри ферментирани пијалаци или,
5. 1.200,00 литри меѓупроизводи или,
6. 2.400,00 литри етил алкохол.

**Член 8**
**Испраќање на тутунски добра од акцизен склад**

Од акцизниот склад во една календарска година се испраќаат најмалку:

1. 500 милиони парчиња цигари или,
2. 100 килограми тутунски добра, освен цигари.

**Член 9**
**Испраќање на минерални масла од акцизен склад**

Од акцизниот склад во една календарска година се испраќаат најмалку:

1. 50 милиони литри бензин, односно гасно масло, односно керозин или,
2. 10 милиони килограми масло за ложење (мазут) или,
3. 10 милиони килограми течен нафтен гас или,
4. 30 тони минерални масла наведени во член 29 од Законот за акцизите.

**Член 10**
**Отстапување од пропишаните количини**

Од пропишаните количини според членовите 7, 8 и 9 од овој Правилник може да се отстапи врз основа на посебно одобрување од Царинска управа, по претходна согласност од министерот за финансии, доколку барателот на акцизна дозвола или имателот на акцизна дозвола не ја остварил пропишаната количина поради виша сила и доколку со тоа се спречува настанување на поголема стопанска штета.

**Член 11**
**Отстапување од пропишаните количини и одредби за акцизен склад кои се однесуваат за стокови резерви**

(1) Ако акцизна дозвола бара лице, кое во согласност со законот е определено да располага со стокови резерви, количинските услови односно испраќањата се оценуваат од аспект на прописите што го регулираат ова подрачје.

(2) Доколку во еден акцизен склад се складираат акцизни добра по налог на државен орган на Република Македонија согласно Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и Закон за стоковни резерви, овие количини на акцизни добра се третираат како добра на Република Македонија кои се наоѓаат во тој акцизен склад.

## III. АКЦИЗНА ДОЗВОЛА

**Член 12**
**Барање за издавање на акцизна дозвола**

(1) Барањето за издавање на акцизна дозвола што се поднесува во Царинска управа треба да содржи:

1. Податоци за барателот и тоа: идентификација на лицето (назив и седиште на фирмата, односно име, презиме и адреса на живеење на физичкото лице), препис од судскиот или друг регистар од кој може да се види дејноста на барателот, единствениот даночен број (ЕДБ) или единствениот матичен број (ЕМБГ) на барателот.
2. Податоци за бројот и локацијата на деловните и други простории што се користат за извршување на дејноста и стекнување на доход; податоци за просториите што се предвидуваат за акцизен склад, со нацрт на просторот со обележување на местото каде што точно ќе биде акцизниот склад, скица на околината на складот; технички опис на просториите на складот.
3. Подетален опис на акцизната дејност со набројување на видовите на постапките што ќе се извршуваат во акцизниот склад.
4. Видови на акцизни добра според тарифните ознаки од номенклатурата на царинската тарифа, за кои се бара акцизната дозвола.
5. Податоци за планираните количини на акцизни добра за производство или складирање за наредната календарска година.
6. Податоци за опремата потребна за извршување на акцизната дејност.
7. Податоци за испраќањето на акцизните добра од акцизниот склад по вид, количина и пакување во една календарска година.
8. Изјава дека против барателот не е отпочната постапка за стечај или ликвидација.
9. Име, презиме, адреса на живеење и ЕМБГ на лицето одговорно за работењето со акцизниот склад, определено од страна на барателот со депониран потпис како и име, презиме и адреса на неговиот полномошник, исто така со депониран потпис.
10. Уверение дека против барателот не се води кривична постапка, издадена од надлежен суд.
11. Пријавување на одговорните лица за потпишување на акцизниот документ со депонирани потписи.
12. Потврда од Управата за јавни приходи дека барателот редовно ги исполнува даночните обврски.

13. Потврда од Царинска управа дека барателот ги исполнил царинските обврски.

(2) Кон барањето се приложуваат документи од надлежните управни, односно инспекциски органи од кои се гледа дека просториите наменети за складирање и производство ги исполнуваат условите наведени во барањето и тоа:

- решение за минимални технички услови кои треба да ги исполнува акцизниот склад;
- решение за минимални хигиенско-санитарни услови на акцизниот склад;
- решение за исполнети мерки, нормативи и стандарди за заштита при работа на акцизниот склад.

(3) По барање на Царинска управа барателот треба да обезбеди и други податоци, доколку тоа е неопходно за обезбедување на даночните принципи или на акцизниот надзор.

(4) Акцизната дозвола ја издава Царинска управа по претходна согласност од министерот за финансии.

(5) Барањето за издавање акцизна дозвола се поднесува на образецот АК-01, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 13**
**Содржина на акцизната дозвола**

(1) Акцизната дозвола ги содржи податоците пропишани во член 8 од Законот за акцизите и потребните податоци од член 12 од овој Правилник.

(2) По барање на имателот на акцизна дозвола се издава Потврда за издадена акцизна дозвола.

**Член 14**
**Знаци на нарушување на даночните принципи**

(1) Под знаци на нарушување на даночните принципи во смисла на член 6 став 2 од Законот за акцизите се подразбираат особено следните случаи:

1. пренесување на капиталот во странство;
2. несразмерно високи иземања за приватни цели или позајмици на содружници или припоени претпријатија;
3. менување на кругот на клиентите или на условите за плаќање и испорака;
4. менување на досегашните добавувачи без порамнување на должничко-доверителските обврски;
5. менување на формата на правниот субјект со ограничување на одговорноста;
6. честопати врши преценување на залихите при попис;
7. повеќе пати не го предава или ненавремено го предава пописот на залихи;
8. подолго време заостанува со плаќањето на други давачки;
9. не дава податоци за економско-финансиската состојба вклучувајќи податоци за потеклото на капиталот, одбива контрола на економско-финансиската состојба или не дава или дава непотполни, ненавремени или грешни податоци за пописите, билансите, книгите и другите евиденциски обврски;
10. повеќепати неточно, ненавремено, на друг начин или воопшто не го пријавува испраќањето на акцизни добра, освен ако за тоа не постои очигледен превид;

11. повеќепати ја има платено акцизата по истекување на рокот предвиден во член 16 став 1 од Законот за акцизи;
12. акцизата повеќепати му била платена од страна на трето лице, без за тоа да постои договор помеѓу нив со деловно оправдани причини;
13. повеќепати одбивал испораки на клиенти, а притоа испорачувал на други на кредит, и тоа без сигурност за плаќањето;
14. подолго време со загуби продава акцизни добра по замрзнати цени без оправдана причина или догледна намера за порамнување на загубите, а особено при перманентно симнување на цените;
15. стопански е зависен од трети лица или перманентно произведува или складира акцизни добра во големи количини за трети лица, без притоа да му биде осигурано плаќањето на акцизата;
16. ако претпријатието учествува во непрегледни содружнички односи особено во странство;
17. ако во капиталот или деловниот развој на претпријатието учествуваат лица кои не плаќале или плаќале акциза во намален износ; учествувале во неплаќање или плаќање во намален износ; кои докажливо биле извршители или учесници на даночно-казниво дело, или пак биле на некој начин поврзани со случај на неможност за плаќање на акцизата, врз основа на кое дошло до намалување на приходите.

### Член 15

### Гаранција за акцизата

(1) Гаранција за акцизата согласно член 6 став 2 од Законот за акцизите се обезбедува со:

1. банкарска гаранција или
2. готовински депозит.

(2) Од еден имател на акцизна дозвола се бара само еден инструмент за обезбедување од став 1 на овој член.

## IV. ТРАНСПОРТ НА ДОБРА ПОДЛЕЖНИ НА АКЦИЗА ВО ПОСТАПКА НА НЕПОСТОЕЊЕ НА УСЛОВИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА АКЦИЗЕН ДОЛГ

### Член 16

### Примена на акцизниот документ

(1) При транспортот на акцизните добра во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг согласно член 11 став 1 од Законот за акцизите, акцизниот документ се пополнува од страна на испраќачот. Листот со број 1 го задржува за себе, а листовите со број 2, 3 и 4 од акцизниот документ го пратат доброто до примателот. Примателот по приемот на доброто ги оверува листовите со број 2, 3 и 4 од акцизниот документ, го задржува листот со број 2 во својата евиденција, а листовите со број 3 и 4 од акцизниот документ ги доставува до Царинска управа најдоцна за три работни дена по приемот на добрата. Царинска управа ги оверува листовите со број 3 и 4, листот со број 4 го задржува во својата евиденција, а листот со број 3 го враќа на примателот кој е должен најдоцна во рок од три дена да го достави до испраќачот на доброто.

(2) При транспортот на акцизните добра во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг согласно член 11 став 2 од Законот за акцизите, акцизниот документ се пополнува од страна на испраќачот, а листовите со број 2, 3 и 4 од акцизниот документ го пратат доброто до појдовниот царински орган каде се врши извозното царинење и започнува транзитната постапка, односно добрата се ставаат под царински надзор. По ставањето на увид на добрата кај појдовниот царински орган, истиот ги оверува листовите со број 2, 3 и 4 од акцизниот документ. Појдовниот царински орган го задржува листот со број 2 во својата евиденција, листот број 3 го враќа на испраќачот на доброто за негова евиденција, а листот број 4 го испраќа во Централната управа на Царинската управа.

(3) При транспортот на акцизните добра во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг согласно член 11 став 3 од Законот за акцизите, акцизниот документ се пополнува од увозникот-примател (имател на акцизна дозвола или имател на акцизно одобрение) и се поднесува кај царинскиот орган заедно со царинската декларација со која престанува царинскиот надзор во смисла на член 1 од овој правилник. Царинскиот орган го оверува акцизниот документ (листовите со број 1, 2, 3 и 4) и листот со број 1 го задржува во својата евиденција, а листовите со број 2, 3 и 4 од акцизниот документ го пратат доброто до примателот. Увозникот-примател по приемот на доброто ги оверува листовите со број 2, 3 и 4 од акцизниот документ, го задржува листот со број 2 во својата евиденција, а листовите со број 3 и 4 од акцизниот документ ги доставува до царинскиот орган каде што е извршено увозното царинење најдоцна во рок од три работни дена по приемот на добрата. Царинскиот орган ги оверува листовите со број 3 и 4, листот број 3 го задржува во својата евиденција, а листот број 4 го испраќа во Централната управа на Царинската управа.

(4) Испраќачот неодложно ги заведува испратените акцизни добра во својата евиденција. Примателот неодложно ги заведува примените акцизни добра во својата евиденција. Лицето кое го врши превозот при транспортот со себе го носи акцизниот документ.

(5) Царинска управа може да одобри, по претходна согласност од министерот за финансии, доколку движењето на акцизни добра се врши помеѓу акцизни складови на ист имател на акцизна дозвола во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, а за тоа постои стопанска потреба и не се нарушуваат даночните принципи, наместо акцизен документ примена на упростен акцизен документ.

(6) Упростениот акцизен документ од став 5 на овој член може да биде било кој трговски документ кој ги содржи најмалку следните елементи:

- број на документот;
- број на акцизниот склад од каде што се испраќаат акцизните добра;
- број на акцизниот склад каде што се примаат акцизните добра;
- име на превозникот и регистарски број на возилото;
- ознака: "упростен акцизен документ";
- датум на испраќање од акцизниот склад;
- испратени количини според видот на акцизните добра;
- датум на прием на акцизните добра;
- примени количини според видот на акцизните добра;

- потпис на примателот.

(7) Документот од став 6 на овој член треба да биде изготвен во два примерока и тоа:

- првиот примерок се задржува во акцизниот склад од каде е испратено акцизното добро, кој неодложно се заведува во евиденцијата;

- вториот примерок го прати акцизото добро до акцизниот склад каде се прима доброто, кој неодложно се заведува во евиденцијата.

**Член 17**

**Знаци на нарушување на даночните принципи при транспорт на добра подлежни на акциза во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг**

Под знаци на нарушување на даночните принципи во смисла на член 11 став 4 од Законот за акцизите, освен наведените во член 14 од овој Правилник, се подразбира и:

1. Повеќепати ненавремено доставување на примерокот од акцизниот документ до Царинската управа;
2. Ако добрата подлежни на акциза неодложно не се примени од страна на друг имател на акцизна дозвола или од имател на акцизно одобрение или неодложно не се извезени, освен во случај на дефект на транспорното средство или сообраќајна незгода или виша сила;
3. Ако транспортот на акцизното добро во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг не е пропратено со акцизен документ;
4. Ако имателот на акцизната дозвола не издава фактура односно друг документ за испорака на акцизните добра;

**Член 18**

**Гаранција за транспортот на добра низ акцизната територија при непостоење на услови за настанување на акцизен долг**

(1) Гаранцијата за транспортот на добра низ акцизната територија при непостоење на услови за настанување на акцизен долг се дава во форма на:

1. банкарска гаранција или
2. готовински депозит.

(2) Минималната вредност на гаранцијата за транспорт на добрата е во висина на пресметаниот акцизен долг за овие добра.

(3) Во случај кога царинскиот орган во согласност со царинските прописи бара приложување на инструмент за обезбедување на плаќањето на царинскиот долг за акцизните добра, истиот мора да го обезбеди и плаќањето на акцизата.

## V. АКЦИЗЕН ДОКУМЕНТ

**Член 19**

**Форма и содржина на акцизниот документ**

(1) Акцизниот документ се состои од четири листен комплет ( Образец "АД" )и тоа:

1. лист со број 1 со жолта полна линија по десниот раб со широчина од 3 мм - за испраќачот/царинскиот орган;

2. лист со број 2 со сина полна линија по десниот раб со широчина од 3 мм - за примателот/царинскиот орган;
3. лист со број 3 со зелена полна линија по десниот раб со широчина од 3 мм - за потврдување на прием на добрата на испраќачот, и
4. лист со број 4 со црвена полна линија по десниот раб со широчина од 3 мм - за известување на Царинска управа.

(2) Акцизниот документ од став 1 на овој член се пополнува со машина за пишување или со печатар. Пополнетиот акцизен документ не смее да содржи бришани, прецртани или допишани податоци. Секоја празна рубрика мора да биде прецртана, на таков начин, да не е можно допишување во неа.

(3) Образецот "АД" е со димензија 210 x 297 мм, со максимална должинска толеранција од 5 мм помалку или 8 мм повеќе. Образецот мора да е отпечатен на самокопирна хартија со најмала маса од 40 гр./м$^2$ и не смее да содржи дрвна целулоза. Хартијата треба да биде доволно непропустна, за податокот на едната страна да не би влијаел на веродостојноста на податокот на другата страна и со отпорност таква, при нормална употреба лесно да не се кине или превиткува.

(4) Во еден четирилистен комплет на образецот "АД" може да се внесат податоци за добрата кои се распоредуваат во три тарифни ознаки од Номенклатурата на Законот за царинска тарифа, при што сите тарифни ознаки треба да припаѓаат на една група акцизни добра (минерални масла, алкохол и алкохолни пијалаци, тутунски добра и патнички автомобили).

(5) Образецот на акцизниот документ од став 1 на овој член (Образец ,,АД,, ) и начинот на пополнување е прилог кон овој правилник и преставува негов составен дел.

### Член 20

### Губење

Под губење на акцизни добра се сметаат случаите при кои поради непредвидени околности или виша сила акцизните добра веќе не постојат. Кражбата не се смета за губење.

## VI. АКЦИЗНА ПРИЈАВА

### Член 21
### Акцизна пријава

(1) До Царинска управа, одделно по групи на акцизни добра, се доставуваат:
1. Акцизна пријава за минерални масла (Образец "АКЦ-ММ");
2. Акцизна пријава за алкохол и алкохолни пијалаци, освен за меѓупроизводи и етил алкохол за кои акцизата се плаќа со користење на контролни марки (Образец "АКЦ-ААП");
3. Акцизна пријава за патнички автомобили (Образец "АКЦ-ПА").

(2) Имателот на акцизна дозвола кој има повеќе од еден акцизен склад, може да достави заедничка акцизна пријава за сите акцизни складови.

(3) Обрасците на акцизните пријави од став 1 на овој член и начинот на пополнување е прилог кон овој правилник и преставува негов составен дел.

## VII. ОДОБРЕНИЕ ЗА АКЦИЗНО-ПОВЛАСТЕНО КОРИСТЕЊЕ

**Член 22**
**Барање за издавање на одобрение за акцизно-повластено користење**

(1) Барање за издавање на одобрение за акцизно-повластено користење што се поднесува во Царинска управа треба да содржи:

1. Податоци за барателот и тоа: идентификација на лицето (назив и адреса на фирмата, односно име, презиме и адреса на живеење на физичкото лице), препис од судскиот или друг регистар од кој може да се види дејноста на барателот, единствениот даночен број (ЕДБ) или единствениот матичен број (ЕМБГ) на барателот;
2. Подетален опис на дејноста кај која се користат акцизни добра и локацијата на производството, каде што ќе се користат акцизните добра;
3. Видовите и количините на акцизните добра за кои се бара акцизно- повластено користење наменети за цели од член 25 став 1, точки 1 и 4, член 32 и член 39 од Законот за акцизи, а кои се потребни за производството односно складирање за наредната календарска година.
4. Опис на просториите (производни, складишни или слични) во кои ќе бидат сместени акцизно-повластените добра, како и опис на мерните уреди со кои ќе се утврдува количината на произведените, складираните и употребените акцизни добра согласно меѓународните стандарди;
5. Изјава дека против барателот не е отпочната постапка за стечај или ликвидација;
6. Име, презиме, адреса на живеење и ЕМБГ на лицето одговорно за користењето на акцизно-повластените добра определено од барателот, со депониран потпис, како и име, презиме и адреса на неговиот полномошник, исто така со депониран потпис.
7. Потврда од Управата за јавни приходи дека барателот редовно ги исполнува даночните обврски.
8. Потврда од Царинската управа дека барателот ги исполнил царинските обврски.

(2) Одобрението за акцизно повластено користење го издава Царинска управа по претходна согласност од министерот за финансии.

(3) Барањето за издавање одобрение за акцизно-повластеното користење се поднесува на образецот АК-02, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 23**
**Содржина на одобрението за акцизно-повластено користење**

(1) Одобрението за акцизно-повластено користење ги содржи податоците пропишани во член 21 од Законот за акцизите и потребните податоци од член 22 од овој Правилник.

(2) По барање на имателот на акцизно одобрение се издава Потврда за издаденото акцизно одобрение.

## VIII. АКЦИЗНИ ОСЛОБОДУВАЊА

### Член 24
### Акцизни ослободувања за дипломатски и конзуларни претставништва и меѓународни организации

(1) За остварување на ослободување од акциза на добрата подлежни на акциза согласно член 24 став 1 точка 1 од Законот за акцизите, до царинскиот орган се доставува потврда од Министерството за надворешни работи во која е наведено дека ослободувањето од акциза е врз основа на посебни спогодби склучени со земјата-испраќач, а врз основа на начелото на реципроцитет.

(2) За остварување на ослободување од акциза на добрата подлежни на акциза согласно член 24 став 1 точка 2 од Законот за акцизите, до царинскиот орган се доставува потврда од Министерството за надворешни работи во која е наведено дека ослободувањето од акциза е врз основа на условите кои се утврдени со меѓународни договори за основање на овие организации.

(3) За остварување на ослободување од акциза на добрата подлежни на акциза согласно член 24 став 1 точка 3 од Законот за акцизите, до царинскиот орган се доставува сертификат издаден од воените сили на договорните страни на Северноатланскиот Пакт.

### Член 24-а

### Постапка за враќање на акцизата кон странски дипломатски и конзуларни претставништва, како и кон нивните членови

(1) Барањето за враќање на платената акциза според член 24 став (3) од Законот за акцизите се поднесува до Министерството за надворешни работи најдоцна до 30-ти јуни од календарската година која следи по календарската година во која подносителот на барањето го извршил прометот.

(2) Побарувањата за враќање на платената акциза се докажуваат преку доставување фактури и сметки во оригинал.

(3) Министерството за надворешни работи го доставува барањето до Царинската управа, која пред одлучување по барањето ги проверува податоците дадени од подносителот на барањето.

### Член 24-б

### Постапка за враќање на акцизата кон меѓународни организации, како и кон нивните членови

(1) Доколку меѓународните спогодби кои важат во Република Македонија предвидуваат ослободување на прометот на добра кон меѓународни оргабнизации и нивни членови од индиректни даноци, а ослободувањето може да се одобри и по пат на враќање, во тој случај врз основа на член 24 став (3) од Законот за акцизите, ќе се применува постапката за враќање на акцизата според одредбите од став (2), (3) и (4) од овој член.

(2) Барањето за враќање на платената акциза се поднесува до Министерството за надворешни работи најдоцна до 30-ти јуни од календарската година која следи по календарската година во која подносителот на барањето го извршил прометот.

(3) Побарувањата за враќање на платената акциза се докажуваат преку доставување фактури и сметки во оригинал.

(4) Министерството за надворешни работи го доставува барањето до Царинската управа, која пред одлучување по барањето ги проверува податоците дадени од подносителот на барањето.

**Член 25**
**Акцизни ослободувања на акцизни добра кои се користат како проба за анализа, за неопходни производствени тестови, научни цели или научно- истражувачки цели**

(1) Согласно член 25 став 1 точки 1 и 4 од Законот за акцизите, се ослободуваат од акциза добрата кои, заради утврдување на нивниот состав, квалитет или други технички карактеристики, се наменети како проба за анализа, за неопходни производствени тестови, за научни цели или за научно-истражувачки цели.

(2) Ослободувањето од акциза е дозволено само за онаа количина на добра која е потребна за целите од став 1 на овој член.

(3) Ослободувањето од акциза се дозволува само под услов, добрата во целина да се употребат или уништат.

(4) Ослободувањето од акциза не важи за добра кои по завршувањето на целите од став 1 на овој член се наменети за продажба.

(5) За остварување на ослободувањето од акциза согласно член 25 став 1 точка 1 и 4 од Законот за акцизите, барателот треба задолжително да ги достави следните документи:

1. Изјава од подносителот на барањето за наменско користење на акцизните добра во согласност со условите во став 1 и 3 на овој член;
2. Фактура или друг документ во кој е наведена количината на акцизните добра која треба да соодветствува со став 2 на овој член;
3. Одобрение за акцизно повластено користење.

**Член 26**
**Акцизни ослободувања на акцизни добра кои се уништуваат под даночен надзор**

(1) Доколку акцизните добра подлежни на акциза за кои не е настаната акциза, се неупотребливи и поради тоа треба да се уништат, иматели на акцизна дозвола или одобрение ја известува Царинска управа за местото, видот и количината на акцизните добра што има намера да ги уништи и ја опишува причината за неупотребливоста. Управата за јавни приходи го утврдува датумот на уништување и за тоа го известува имателот на акцизната дозвола или одобрението.

(2) За уништувањето на акцизните добра под даночен надзор се составува записник кој го потпишуваат овластените лица од Царинска управа и овластените лица од имателот на акцизна дозвола односно одобрение.

**Член 27**
**Акцизни ослободувања на акцизни добра кои се денатурираат под даночен надзор**

(1) Под денатуриран алкохол се подразбира алкохол (етанол) кој е денатуриран со средство кое се состои од суров метил-алкохол (метанол) и дрвено масло и во

волуменски размер 8:0,5 (на осум литри метил-алкохол доаѓаат до 0,5 литри дрвено масло). Метил-алкохолот и дрвеното масло мораат претходно да се измешаат и таа мешаница во количество од 4 кг се додава на секои 100 л алкохол  кој се денатурира.

(2) Ако употребата на наведениот денатурант од став 1 на овој член поради технолошките процеси не е соодветна за намените од член 39 од Законот за акцизите, Царинска управа може да дозволи да се употреби друг денатурант.

(3) За денатурирање на акцизните добра под даночен надзор се составува записник кој го потпишуваат овластените лица од Царинска управа и овластени лица од барателите за денатурирање.

(4) Царинска управа може да одобри отстапување од денатурирањето, ако употребата на денатурантот се докаже дека ја оневозможува употребата на етил-алкохолот во производствениот процес.

**Член 28**
**Акцизни ослободувања на акцизни добра кои патникот ги носи со себе од странство во својот личен багаж, ако не се од комерцијална природа**

Патникот може во согласност со член 25 став 1 точка 5 од Законот за акцизите да го оствари правото за ослободување од акциза на добрата кои ги носи со себе од странство во својот личен багаж, доколку истите се ослободени од плаќање на увозни давачки согласно царинските прописи.

## IX. ВРАЌАЊЕ ИЛИ НЕПЛАЌАЊЕ НА АКЦИЗАТА

**Член 29**
**Докази за враќање или неплаќање на акциза**

(1) Кон барањето за враќање на платената акзциза за акцизните добра, согласно член 26 став 1 точка 1 од Законот за акцизите, кои повторно се предадени во акцизниот склад се доставуваат следните документи:

1. испратница  и фактура од лицето кое ги враќа добрата на имателот на акцизната дозвола;
2. изјава за причините за враќањето на добрата  во акцизниот склад;
3. доказ за платената акциза.

(2) Како доказ за неплаќање на акцизата за акцизните добра, согласно член 26 став 1 точка 1 од Законот за акцизите, кои повторно се  предадени во акцизниот склад во период пократок од акцизниот период,  се доставуваат следните документи:

1. испратница  и фактура од лицето кое ги враќа добрата на имателот на акцизната дозвола;
2. изјава за причините за враќањето на добрата  во акцизниот склад.

(3) Како доказ за враќање на платената акзциза за акцизните добра, согласно член 26 став 1 точка 2 од Законот за акцизите, кои се уништуваат или потполно денатурираат под даночен надзор се доставуваат следните документи:

1. записник кој го потпишуваат овластените лица од Царинска управа и овластени лица од барателите за денатурирање;
2. фактура за набавени акцизни добра;
3. доказ за платената акциза.

(4) За неплаќање на акцизата за акцизните добра, согласно член 26 став 1 точка 2 од Законот за акцизите, кои се уништуваат или потполно денатурираат под даночен надзор се доставуваат следните документи:

1. записник кој го потпишуваат овластените лица од Царинска управа и овластени лица од барателите за денатурирање;
2. фактура за набавени акцизни добра;
3. доказ дека се произведени во акцизниот склад.

## X. МИНЕРАЛНИ МАСЛА

### Член 30
### Обележување на минерални масла

(1) Гасните масла наведени во член 30 став 1 од Законот за акцизите кои се употребуваат како гориво за греење се обележуваат со средство за обележување со црвена боја и други состојки кои можат да се утврдат само со хемиски тест.

(2) Керозинот наведен во член 30 став 1 од Законот за акцизите кој се употребува како гориво за греење се обележува со средство за обележување со зелена боја и други состојки кои можат да се утврдат само со хемиски тест.

(3) Направите за обележување треба да бидат пред нивното инсталирање во акцизниот склад технички прегледани и да поседуваат одобрение од надлежниот орган за стандардизација и метрологија, а по потреба и да се пломбираат.

(4) Средството за обележување се состои од:

- 5 гр. N-Ethyl-1-(4-phenylazophenylazo)-naphtyl-2-amin или

- 6,5 гр. N-Ethylhexyl-1-(tolylazotolylazo)naphtyl-2-amin или

-7,4 гр. N-Tridecyl-1-(tolylazotolylazo)naphtyl-2-amin или

мешавина од овие материи со слично дејство на бојосување, рамномерно растворени во 1.000 кг. минерално масло и

- C.I. Solvent Yellow 124 (N-Ethyl-N-[2-(1-isobutoxyethoxy) ethyl]-4-(phenylazo) aniline) во количество не помало од 6,0 mg/l минерално масло, а не поголемо од 9,0 mg/l минерално масло.

### Член 31
### Постапка за примена акцизното ослободување на минерални масла

(1) Имателот на акцизна дозвола го применува акцизното ослободување на минерални масла за намените од член 32 став 1 од Законот за акцизите на следниот начин:

1. Минералните масла се испраќаат од акцизниот склад врз основа на писмена нарачка од имател на одобрение за акцизно повластено користење, во која мора да се наведе видот и количината на минералното масло;
2. Имателот на одобрение за акцизно повластено користење пред превземањето на минералните масла, односно пред доставувањето на фактурата, на имателот на акцизната дозвола да му даде писмена изјава дека минералните масла ќе ги користи исклучиво за намена од член 32 став 1 од Законот за акцизите (со наведување на соодветната точка). Во писмената изјава треба да се наведе и

бројот и датумот на издаденото одобрение врз основа на кое може да се испраќа минералното масло ослободено од акциза со напомена дека се уште не е искористена количината на акцизните добра наведена во одобрението;

3. На фактурата да ја запише клаузулата дека минералните масла се испратени без пресметана акциза и врз основа на писмена изјава на имател на одобрение за акцизно повластено користење;

4. Да ја чува од имателот на одобрение за акцизно повластено користење добиената изјава и примерокот од фактурата.

(2) Ако минералните масла се испраќаат врз основа на договор за сукцесивни испораки, писмената изјава од став 1 точка 2 на овој член може да биде дадена во првата нарачка или во договорот за сукцесивни испораки, а кај понатамошните набавки имателот на акцизна дозвола на фактурата се повикува на бројот и на датумот на таа нарачка односно на договорот за сукцесивни испораки во кој е дадена таква писмена изјава.

(3) Имателот на акцизна дозвола води евиденција за иматели на одобрение за акцизно повластено користење наведени во овој член и евиденција за испратените количини на акцизни добра, по видови, ослободени од акциза и копија од овие евиденции доставува до Царинска управа до крајот на наредниот месец по истек на акцизниот период.

(4) Под користење на воздухопловно средство за приватни намени во смисла на член 32 став 1 точка 2 од Законот за акцизите се смета користењето на воздухопловното средство за непрофитна дејност од страна на сопственикот, изнајмувачот или друго лице, кога не се употребува за превоз на патници или добра или за извршување на услуги со надомест.

**Член 31а**
**Постапка на враќање на акцизата на течниот нафтен гас**

(1) Кон барањето за враќање на платената акциза за течниот нафтен гас, согласно член 28 став 3 од Законот за акцизите, лицето ги доставува следните документи:

1.Податоци за барателот и тоа: идентификација на лицето (назив и адреса на фирмата, односно име, презиме и адреса на живеење на физичкото лице), препис од судскиот или друг регистар од кој може да се види дејноста на барателот, единствениот даночен број (ЕДБ) или единствениот матичен број (ЕМБГ) на барателот;

2.Подетален опис на дејноста, за која се користи течен нафтен гас како погонско гориво или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво, во индустријата, и локацијата на производството, каде што ќе се користи течниот нафтен гас;

3 Изјава на одговорното лице, на лицето кое врши индустриска дејност, за месечната , односно годишната потрошувачка на течен нафтен гас како погонско гориво или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво во процесот на производство, за претходните три години и планирана потрошувачка во тековната и наредната календарска година.

4.Изјава на одговорното лице, на лицето кое има намера да врши индустриска дејност, за планираната месечна , односно планирана годишната потрошувачка на течен нафтен гас како погонско гориво или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво во процесот на производството, за тековната и наредната календарска година.

5.Период за кој бара враќање на платена акциза за употребен течен нафтен гас како погонско гориво или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво, во индустријата;

6.Количина на употребен течен нафтен гас како погонско гориво или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво, во индустријата, во периодот за кој се бара враќање;

7.Фактура за набавен течен нафтен гас, или царинска декларација за увезен течен нафтен гас, кои се издадени по денот на примена на Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите("Службен весник на РМ" бр.45/02); и

8.Доказ за оправданоста за враќање на акцизата, од евиденцијата на лицето кое бара враќање, за количините на течен нафтен гас кои се употребени како погонско гориво или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво, во индустријата, во периодот за кој се бара враќање.

(2) По барање на Царинска управа, барателот е должен да обезбеди и други докази, доколку е тоа неопходно за докажување на користењето на течниот нафтен гас како погонско гориво или како додаток на друго минерално масло како погонско гориво, во индустријата.

(3) Барањето за враќање на акциза за течен нафтен гас се поднесува до Царинска управа, на образец „АК-ТНГ“ кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 32**

**Опремување на производствениот акцизен склад за минерални масла**

(1) Акцизниот склад за минерални масла треба да биде опремен така што да овозможи непречен увид во производството и складирањето на акцизните добра.

(2) Складишните резервоари во акцизниот склад за минерални масла треба да бидат стандардизирани, а уредите за точење на минерални масла мораат да бидат опремени со мерни инструменти.

**Член 33**

**Опремување на акцизен склад за цели на складирање на минерални масла**

(1) Просториите за складирање на минерални масла во рамките на акцизниот склад треба да бидат така организирани, што минералните масла од различен вид ќе се складираат одвоено и прегледно.

(2) Складишните резервоари во акцизниот склад за минерални масла треба да бидат стандардизирани, а уредите за точење на минерални масла мораат да бидат опремени со мерни инструменти.

(3) Имателот на акцизна дозвола (складиштарот) треба да ги обележи складишните простории со читливи натписи "АКЦИЗЕН СКЛАД ЗА МИНЕРАЛНИ МАСЛА".

## XI. АЛКОХОЛ, АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ

**Член 34**
**Контролна марка за обележување на меѓупроизводи и етил-алкохол**

(1) Контролните марки тип 1, 2 и 3 се изработуваат од бездрвна хартија во правоаголна форма со димензии:

1. тип 1 со 130мм х 20мм

2. тип 2 со 80мм х 15мм

3. тип 3 со 60мм х 15мм

(2) Основните бои на контролните марки се црна, црвена и жолта.

(3) Образецот на контролната марка е даден во прилог на овој правилник и преставува негов составен дел.

(4) Контролните марки ги имаат следните елементи:

1. на левата и десната страна во вертикална насока е отпечатен текстот „контролна марка”,

2. во средината на горниот дел, во хоризонтална насока се отпечатени ознаката за одредена серија и заштитните броеви,

3. во средината на долниот дел, под заштитните броеви во хоризонтална насока се отпечатени заштитните ознаки,

4. во долниот дел на левата страна, во хоризонтална насока отпечатен е процентот на алкохол,

5. во долниот дел на десната страна, во хоризонтална насока отпечатена е зафатнината на комерцијалното пакување (шише) во литри и

6. на левата страна во вертикална насока аплицирана е холограмска лента со широчина 5мм.

(5) Министерството за финансии-Царинска управа определува лице на кое го доверува печатењето на контролните марки, кое обезбедува посебен режим на заштита и сигурност, за што се склучува договор.

(6) При печатењето на контролните марки присутно е овластено лице од Царинска управа.

(7) Царинска управа ги превзема контролните марки од печатница и ги чува во трезор, или тоа го доверува на Народната банка на Република Македонија со договор.

(8) Имателот на акцизната дозвола или увозникот, ги пријавува до Царинска управа, планираните количини на контролни марки за наредната година, искажани по тримесечја, најдоцна до 30-ти ноември во тековната година.

(9) Имателот на акцизната дозвола или увозникот, своите месечни потреби од контролни марки ги пријавуваат од 1-ви до 05-ти во тековниот месец за наредниот месец. Со пријавата П-МЕА доставуваат и доказ за платените трошоци за печатење, транспорт, чување и издавање на контролните марки кои ги пријавуваат.

(10) Пријавата од став 8 на овој член се поднесува до Царинска управа на образецот - Пријава за планираните количини на контролни марки за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол ("П-МЕА") кој е составен дел на овој правилник.

(11) Издавање на контролните марки се врши по барање на имателот на акцизната дозвола или увозникот еднаш неделно.

(12) Издавањето на контролните марки се врши на посебен образец - Барање за преземање на контролни марки за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол ("Б-МЕА"), кој е составен дел на овој правилник.

(13) Контролните марки се издаваат во најмал број од 600 парчиња, според одделна серија и одделни ознаки.

(14) Имателот на акцизната дозвола или увозникот ги подига контролните марки преку овластено лице.

(15) При преземањето на контролните марки, имателот на акцизна дозвола или увозникот поднесува доказ за платените трошоци за нивно печатење, транспорт, чување и издавање.

(16) За издадените контролни марки, Царинска управа решението за долгот за контролни марки го издава во висина на нивната акцизна вредност.

(17) При увозот, на царинскиот орган се поднесува решението од став 16 од овој член.

(18) На имателот на акцизната дозвола или на увозникот му се признава на име оштетени контролни марки растур 0,3% од преземените контролни марки.

(19) Контролната марка се лепи на секое поединечно комерцијално пакување, на тој начин што средината на контролната марка се лепи на затварачот, а останатите делови на грлото од едната и другата страна, така што при отварањето на поединечното комерцијално пакување да се оштети марката.

(20) Контролните марки се лепат редоследно, според серијата.

**Член 35**
**Постапка за примена на акцизно ослободување**
**за алкохол и алкохолни пијалаци**

(1) Имателот на акцизна дозвола го применува акцизното ослободување на етил алкохол за намените од член 39 став 1 од Законот за акцизите на следниот начин:

1. Етил алкохолот се испраќа од акцизниот склад врз основа на писмена нарачка од имател на одобрение за акцизно повластено користење, во која треба се наведува видот и количината на етил алкохолот;
2. Имателот на одобрение за акцизно повластено користење пред превземањето на етил алкохолот, односно пред доставувањето на фактурата, на имателот на акцизната дозвола му дава писмена изјава дека етил алкохолот ќе го користи исклучиво за намена од член 39 став 1 од Законот за акцизите (со наведување на соодветната точка). Во писмена изјава треба да се наведе и бројот и датумот на издаденото одобрение врз основа на кое може да се испраќа етил алкохол ослободен од акциза со напомена дека се уште не е искористена количината на акцизните производи на кои се однесува одобрението;
3. На фактурата ја запишува клаузулата дека етил алкохолот е испратен без пресметка на акцизата и врз основа на писмена изјава на имател на одобрение за акцизно повластено користење;
4. Од имателот на одобрение за акцизно повластено користење ја чува добиената изјава и примерокот од фактурата.

(2) Ако етил алкохолот се испраќа врз основа на договор за сукцесивни испораки, писмената изјава од став 1 точка 2 на овој член може да биде дадена во првата нарачка или во договорот за сукцесивни испораки, а кај понатамошните набавки имателот на акцизна дозвола на фактурата се повикува на бројот и на датумот на таа нарачка односно на договорот за сукцесивни испораки во кој е дадена таква писмена изјава.

(3) Имателот на акцизна дозвола води евиденција за иматели на одобрение за акцизно повластено користење наведени во овој член и евиденција за испратените количини на акцизни добра, по видови, ослободени од акциза и копија од овие евиденции доставува до Управата за јавни приходи до крајот на наредниот месец по истек на акцизниот период.

**Член 36**

**Резервоари за етил-алкохол**

(1) Резервоарите треба да бидат стандардизирани.

(2) Резервоарите треба да бидат опремени со прозорчиња и мерна скала. Прозорчињата треба да имаат регулатор. Доколку на резервоарот не можат да се вградат прозорчиња, на него треба да се вгради мерен уред, кој во секој момент може да ја определи количината во резервоарот. На поголемите резервоари се вградуваат додатни вентили на различни висини со цел земање проби. Сите складишни резервоари се обележани.

(3) Царинска управа, по претходна согласност од министерот за финансии, одобрува исклучоци од став 2 на овој член, доколку со тоа не се нарушуваат даночните принципи.

**Член 37**

**Мерење на количини за пиво**

(1) Кога пивото се пакува во стаклени шишиња со различна зафатнина (МКС ЕБ6.020) или садови од друг материјал кои не го менуваат квалитетот на пивото, количините се мерат според онаа наведена на пакувањето.

(2) Царинска управа, по претходна согласност од министерот за финансии, може по барање да дозволи количините да се утврдуваат на друг начин освен според оние наведени на пакувањата доколку со тоа не се нарушуваат даночните принципи.

**Член 38**
**(се брише)**

## XII. ТУТУНСКИ ДОБРА

**Член 39**
**Контролни марки за обележување на тутунски добра**

(1) Контролните марки се изработуваат од бездрвна хартија во правоаголна форма со димензии:

1. тип 1 со 23 мм x 45 мм;
2. тип 2 со 28 мм x 48 мм;
3. тип 3 со 23 мм x 49 мм;
4. тип 4 со 20 мм x 44 мм;
5. тип 5 со 19 мм x 45 мм;
6. тип 6 со 25 мм x 44 мм.

(2) Обрасците на контролните марки се прилог на овој правилник и преставуваат негов составен дел.

(3) Основните бои на контролните марки се црна, црвена и жолта.

(4) Контролните марки ги имаат следните елементи:

1. на левата страна во вертикална насока е отпечатен текстот „контролна марка”,

2. на десната страна во вертикална насока е отпечатен (соодветен број ) цигари во паклица или (соодветен број) пури или цигарилоси, или (соодветно количество) грамови на тутун за пушење,

3. во средината во горниот дел, во хоризонтална насока се отпечатени ознаката за одредена серија и заштитните броеви

4. во средината во долниот дел, под заштитните броеви во хоризонтална насока се отпечатени заштитните ознаки и

5.на левата страна во вертикална насока апплицирана е холограмска лента со широчина 5мм.

(5) Министерството за финансии- Царинска управа определува лице на кое го доверува печатењето на контролните марки, кое обезбедува посебен режим на заштита и сигурност, за што се склучува договор.

(6) При печатењето на контролните марки присутно е и овластено лице од Царинска управа.

(7) Царинска управа ги презема контролните марки од печатницата и ги чува во трезор или тоа го доверува на Народната банка на Република Македонија со договор.

(8) Имателот на акцизна дозвола или увозникот ги пријавува до Царинска управа, планираните количини на контролни марки за наредната година, искажани по тримесечја, најдоцна до 30 ноември во тековната година.

(9) Имателот на акцизната дозвола или увозникот, своите месечни потреби од контролни марки ги пријавуваат од 5-ти до 10-ти во тековниот месец за наредниот месец. Со пријавата П-ТД доставуваат и доказ за платените трошоци за печатење, транспорт, чување и издавање на контролните марки кои ги пријавуваат.

(10) Пријавата од став 8 на овој член се поднесува до Царинска управа на образецот - Пријава за планирани количини на контролни марки за обележување на тутунски добра ("П-ТД") кој е составен дел на овој правилник.

(11) Издавање на контролните марки се врши по барање на имателот на акцизната дозвола или увозникот еднаш неделно.

(12) Издавањето на контролните марки се врши на посебен образец - Барање за превземање на контролни марки за обележување на тутунски добра ("Б-ТД"), кој е составен дел на овој правилник.

(13) Производителот или увозникот овластува лице кое ќе врши подигање на контролните марки.

(14) При превземањето на контролните марки, производителот или увозникот поднесува доказ за платените трошоци за нивно печатење, транспорт, чување и издавање.

(15) За издадените контролни марки, Царинска управа решението за долгот за контролни марки го издава во висина на нивната акцизна вредност.

(16) При увозот, на царинскиот орган се поднесува решението од став 15 од овој член.

(17) На производителот или увозникот им се признава на име оштетени контролни марки растур 1% од преземените контролни марки.

(18) Контролните марки од тип 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од став 1 точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член се лепат на секоја поединечна кутија за пакување на 20 или 25 парчиња цигари или (соодветен број) пури или цигарилоси, или (содветно количество) грамови на тутун за пушење.

(19) Контролните марки се лепат редоследно според серијата.

(20) Контролните марки за цигари се издаваат во најмал број од 50.000 парчиња, според одделна серија за секој тип на контролна марка.

**Член 40**

**(се брише)**

## XIII. ЕВИДЕНЦИИ И ОБВРСКИ

**Член 41**
**Водење на евиденции на имател на акцизна дозвола**

(1) За водење на евиденции согласно член 9 и 52 од Законот за акцизите, потребни се и следните податоци:

1. Состојба на залихи на акцизните добра во почетокот на секое календарско тримесечие;
2. Количина и вредност на набавени акцизни добра со вклучена акциза;
3. Вредност на примени акцизни добра по престанок на царинскиот надзор во смисла на член 4 став 2 од Законот за акцизите, од други акцизни складишта, од повластени корисници;
4. Вредност и количина на испратени акцизни добра кон друг акцизен склад, кон имател на акцизно одобрение, за извоз, кон дипломатски и конзуларни претставништа и меѓународни организации, кон воените сили на Северноатланскиот пакт и други испраќања на акцизни добра кои се ослободени од акциза согласно член 25 точки 1, 2, 3 и 4 од Законот за акцизите;
5. Употребени акцизни добра како материјал за производство на други акцизни добра, како мостра за анализа во врска со тестирање на производството, односно за научни цели;
6. Употребени акцизни добра за царинска контрола и за контрола на квалитетот која во акцизниот склад ја извршува овластено лице;
7. Уништување на акцизните добра под даночен надзор, кусокот што се создал поради непредвидени околности или виша сила (освен кражба) или произлегува од процесот на производство, складирање или превоз на добрата;
8. Денатурирање на алкохолот во согласност со член 25 став 1 точка 3 од Законот за акцизите;
9. Пуштање на акцизни добра во акцизно-правен слободен промет, вклучувајќи ги и количините на акцизни добра за потрошувачка во акцизниот склад.

(2) Имателот на акцизна дозвола води евиденција согласно претходниот став, така да во секој момент се утврдува состојбата со залихите на акцизните добра според видот и количините, како и збирни податоци по групи на акцизни добра.

(3) Имателот на акцизната дозвола ја води и чува евиденцијата во акцизниот склад.

(4) Царинска управа може во секое време, од имателот на акцизната дозвола, да побара да се изврши попис на акцизните добра во акцизниот склад.

(5) Надлежниот орган може од акцизниот склад без надомест да зема примероци од акцизни добра за истражување.
(6) Имателот на акцизна дозвола треба неодложно написмено да ја известува Царинска управа за задолжувањата, очекуваната или заведената неликвидност, како и за започнување на постапка на стечај.

(7) Царинска управа треба неодложно написмено да биде известена од наследниците за смртта на имателот на акцизна дозвола, од ликвидаторите за решението за ликвидација, од имателот на акцизна дозвола и стечајниот управник за постапката на стечај.

**Член 42**
**Водење на евиденции на имател на акцизно одобрение**

(1) За водење на евиденции согласно член 22 и 52 од Законот за акцизите, потребни се и следните податоци:

1. состојба на залихи на акцизни добра во почетокот на секое календарско тримесечие;

2. количини на акцизни добра транспортирани во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг по престанокот на царинскиот надзор во смисла на член 4 став 2 на Законот за акцизите и од иматели на акцизна дозвола;

3. збирни податоци за примените количини на акцизни добра во акцизниот период;

4. користење на акцизни добра за намените од член 25 став 1 точки 1 и 4, член 32 и член 39 од Законот за акцизите;

5. количината на уништени акцизни добра под даночен надзор, кусокот што се создал поради непредвидени околности или виша сила (освен кражба) или кој произлегува од процесот на производство, складирање или превоз на добрата;

(2) Имателот на акцизно одобрение води евиденција согласно претходниот став така што во секој момент може да се утврди состојбата со залихите на акцизните добра според видот и количините, како и збирни податоци по групи на акцизни добра.

(3) Евиденцијата на залихи на акцизни добра имателот на акцизно одобрение ја става на располагање на Царинска управа на нејзино барање.

(4) Царинска управа може било кога да бара попис на акцизните добра во местото на акцизно повластено користење.

(5) Доколку дојде до загуби на повластени акцизни добра кои се повисоки од вообичаените согласно утврдените стандарди, имателот на акцизно одобрение треба тоа неодложно да го пријави кај надлежниот орган.

(6) Надлежниот орган може од акцизниот склад без надомест да зема примероци од акцизни добра за истражување.

(7) Имателот на акцизна дозвола треба неодложно на писмено да ја известува Царинска управа за задолжувањата, очекуваната или заведената неликвидност, како и за започнување на постапка на стечај.

## XIV. ПРЕБИВАЊЕ НА АКЦИЗАТА СОДРЖАНА ВО ЗАЛИХИТЕ

**Член 43**

**Попис на залихи**

Лицата кои сакаат да извршат пребивање на акцизата содржана во залихите на минерални масла и пиво согласно член 63 од Законот за акцизите, должни се да ги утврдат

залихите со попис извршен на 30 Јуни 2001 година  пооделно по тарифна припадност и тоа од тарифен број 1 и тарифен број 3 точка 2 од Тарифата на акцизите која е составен дел на Законот за акцизитете ("Службен весник на РМ" бр.78/93 до 11/2001).

**Член 44**
**Услови за користење на правото на пребивање на акцизата**

(1) За да се оствари правото на пребивање на акцизата, треба кумулативно да се исполнети следните услови:

1. Добрата на залиха да се набавени пред 01 Јули 2001 година согласно Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 78/93 до 11/2001) или се увезени пред овој датум;
2. За добрата на залиха да се поседува фактура согласно член 14-б став 11 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 78/93 до 11/2001) и истата да е платена во целост и безготовински;
3. За увезените добра на залиха, да поседува царински документ од кој произлегува дека е платена акцизата при увоз;

(2) Условите од став 1 точките 2 и 3 треба да бидат исполнети најдоцна до истекот на рокот за поднесување на првата акцизна пријава.

**Член 45**
**Докажување на исполнетоста на условите за пребивање на акцизата**

(1) Докажувањето на исполнетост на условите за пребивање на акцизата се врши со поднесување на образец АКЦ-З (акциза на залиха на минерални масла и пиво со состојба на 30.06.2001 година), кој е прилог на овој Правилник и е негов составен дел.

(2) Со првата акцизна пријава по примена на Законот за акцизите се приложува и преглед на Акциза на залиха на минерални масла и пиво со состојба на 30.06.2001 година на образецот  АКЦ-З до Управата за јавни приходи.

(3) Образецот АКЦ - З треба да ги содржи следните елементи:

1. Назив на фирма;
2. Седиште на фирма;
3. Единствен даночен број;
4. Вкупниот износ на акцизата на минералните масла и пивото содржана во залихата од _____________ денари се однесува на:

1) Акциза од моторен бензин

- МБ-86 _____________ денари,
- МБ-98 _____________ денари,
- БМБ-95 _____________ денари

2) Акциза од дизел гориво

- Д-1 _____________ денари,
- Д-2 _____________ денари;

3) Акциза од масло за горење екстра лесно (ЕЛ)

- ЕЛ _____________ денари;

4) Акциза од петролеј за мотори, петролеј за осветлување, авионски и моторни масла, минерални и мазивни масла и масти, хипоидни и други минерални

масла и масти, како и масла за подмачкување и примарен (суров) бензин ______________ денари;

5) Акциза од течен нафтен гас _____________ денари;

6) Акциза од масло за горење, мазут и тоа:

- лесно (Л), средно(С), тешко(Т), екстра тешко (ЕТ), нискосулфурно лесно (НСЛ), нискосулфурно средно (НСС) и нискосулфурно тешко (НСТ) ______________ денари;

7) Акциза од пиво ______________ денари.

(4) Образецот АКЦ-3 се поднесува за докажување на правото на пребивање на акцизата на минерални масла и пивото содржана во вредноста на производите кои се наоѓаат на залиха на 30.06.2001 година според член 63 од Законот за акцизите;

## XV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

### Член 46

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-9927/1

18 мај 2001 година

Скопје

**МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**

**Никола Груевски, с.р.**

## ОДРЕДБИ ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2009)**

**Член 4**

Обрасците „АК-01“, „АД“, „АКЦ-ММ“, „АКЦ-ААП“, „АКЦ-ПА“, „АК-02“, „П-МЕА”, „Б-МЕА”, „П-ТД” и „Б-ТД” се заменуваат со нови обрасци кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Обрасците на контролните марки за обележување на меѓупроизводи и етил-алкохол и обрасците на контролните марки за обележување на тутунски добра, се заменуваат со нови обрасци кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Акцизните добра обележани со контролни марки подигнати до денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, остануваат во акцизно правен слободен промет до нивната продажба, а најдоцна до 30 април 2010 година.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 мај 2009 година.

## ОДРЕДБИ ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 122/2009)**

**Член 5**

Обрасците „АК-01“, „АД“, „АКЦ-ММ“, „АКЦ-ААП“, „АКЦ-ПА“, „АК-02“, „АК-ТНГ“, „П-МЕА”, „Б-МЕА”, „П-ТД” и „Б-ТД” се заменуваат со нови обрасци кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

**ОДРЕДБИ ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ**

**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2010)**

**Член 1**

Во Правилникот за спроведување на Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија"број 40/2001, 72/2001, 89/2001, 50/2002, 86/2002, 19/2003, 54/2003, 6/2004, 6/2005, 44/2006,137/2006, 25/2008, 54/2008, 125/2008, 53/2009, 94/2009 и 122/2009), Образецот „АКЦ-ПА" се заменува со нов образец кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ОДРЕДБИ ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ**

**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 85/2010)**

**Член 4**

Обрасците "АД", "АК-01", "АК-02", "АКЦ-ММ", "АКЦ-ААП", "АКЦ-ПА", "АК-ТНГ", "П-МЕА", "Б-МЕА", "П-ТД", и "Б-ТД" се заменуваат со нови обрасци кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Обрасците на контролните марки за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол и обрасците на контролните марки за обележување на тутунски добра, се заменуваат со нови обрасци кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ОДРЕДБИ ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ**

**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 156/2010)**

### Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2011 година.